# МАКЕДОНСКА АКТЕРСКА АВАНГАРДА

**(Кон претставата "Галеб" од Чехов на студентите по актерска игра од ФДУ – Скопје, во класата на Мими Таневска-Србиновска.)**

Животот не е она што е, туку она што треба да биде. И театарот не е она што беше. Тоа се само две од репликите во култната претстава "Галебот" од рускиот писател Антон Павлович Чехов, претстава изведена на Интернационалниот фестивал на монодрамата 2014 во Битола – со студентите по актерска игра од ФДУ – Скопје, во класата на проф. Мими Таневска - Србиновска. Заедно со дипломската претстава на студентот Кристијан Светиев, исто така од ФДУ – Скопје, во режија на проф. Зоја Бузалковска, но и со студентите од "ЕСРА"-Скопје, тоа е, всушност, македонската актерска авангарда, која претставува солидна најава, но и сè посигурно започнува да чекори на штиците што ќе значат живот и за нив.

Иако "Галеб" е комедија во четири чина, овојпат таа беше сведена и реализирана како камерна претстава во еден чин, но со голем актерски успех, гледливост и привлечност, прецизност и исцизелираност.

Оваа драма е пишувана во 1895 година и говори за театарот, непремостливите разлики помеѓу старата и младата генерација и љубовта кон уметноста. Главен лик во "Галеб" е познатата актерка Ирина Николаевна - Аркадина која со љубовникот – писателот Борис Алексеевич - Тригорин, доаѓа на имотот на својот болен брат Сорин. На имотот синот на Ирина Николаевна, Константин Гаврилович - Треплјов сака да постави претстава, обидувајќи се да пронајде нов театарски облик, но неговата мајка нема слух, ниту разбирање за обидите на синот. Главна актерка на таа претстава е Нина Михајловна - Заречна, млада девојка на која Трепљов сака да ѝ се допадне, па ѝ дарува мртов галеб кој самиот тој го убил. Нина е згрозена од таа постапка, но истовремено е воодушевена од Тригорин кој ја заведува, повлекувајќи паралела помеѓу нејзиниот живот и мртвиот галеб кој го добила како подарок.

Депресивниот Трепљов, кого го одбива Нина, се обидува да се самоубие, но куршумот само малку му ја допира главата.

Нина и Тригорин имале дете кое умрело, а Тригорин ѝ се враќа на Ирина Николаевна - Аркадина. Нина во тие две години патува наоколу со второкласната актерска дружина и сето тоа му го раскажува на Трепљов, кој на крајот од драмата се застрелува.

Младите и надежни актери од Факултетот за драмски уметности во Скопје коректно и професионално ја одиграа оваа комплексна и слоевита претстава. Со свежина и леснотија - тие искрено и доживеано го транспонираа текстот, кој зрачеше со позитивна енергија, емоции и страсти.

Честитки и браво за младата и нова генерација актери, кои веќе владеат со сцената, меѓусебно добро се познаваат и комуницираат и, очигледно, имаат што и како да кажат и тоа не само допрва, туку и сега веќе полнокрвно, возбудливо, искусно, оригинално и визионерски го прават!

**Доц.д-р Христо Петрески**